**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. _____________
________________2024 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К

**од 465-та седница на Судскиот совет на**

**Република Северна Македонија**

**Скопје,јануари, 2024 година**

Седницата се одржа на ден 23.11.2023 година –среда во салата за седници со почеток од 10,15 часот.

Присутни членови:

- Сашко Георгиев, Претседател на Судски совет на РСМ
- Ханиф Зендели, Заменик претседател Член на Советот
- Мери Радевска, Член на Советот
- Антоанета Димовска, Член на Советот
- Лорета Горгиева, Член на Советот
- Ивица Николовски, Член на Советот
- Мирсад Суроји, Член на Советот
- Весна Дамева, Член на Советот
- м-р Миљазим Мустафа, Член на Советот
- м-р Селим Адеми, и Член на Советот
- Павлина Црвенковска, Член на Советот
- м-р Тања Чачарова Илиевска, Член на Советот

Оправдано отсутни членови:

- Кренар Лога, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,
- Беса Адеми, Претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*– член на Советот по функција –има известување дека користи боледување и

Присутни од стручната служба:

- Весна Толева, ВД Генерален секратар
- Весна Михајловска, Државен советник
- Александра Шоптрајанова
- Вера Анрејчин

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од Коалиција сите за правично судење
- Претставник од Институт за човекови права

- Експерти од проектот ,, Владеење на право на ЕУ“
- Поширока јавност- медиуми

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 465-та седница.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување на извештај од работна посета на Основен суд Кратово;
2. Разгледување на одлуки на Управен суд;
3. Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба;
4. Расправа по извештаи за констатирана состојба;
5. Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и
6. Разно

Претседателот на Советот откако констатира дека никој присутните членови не се јави по отворена дискуси по однос на предложениот Дневен ред, претседателот го стави на гласање. Се констатира дека со 12 гласа ,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ Дневен ред е едногласно усвоен и премина кон разгледување на 1-вата точка од Дневниот ред.

**Точка 1**

**Разгледување на извештај од работна посета на Основен суд Кратово**

**Претседателот на Советот** по однос на првата точка од Дневниот ред му даде збор на известителот, членот на Советот Весна Дамева.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека работната посета во Основниот суд Кратово е извршена од членови на Советот на ден 03.10.2023 година. Истакна дека предмет на работната посета бил констатирање на состојбата во врска со почитување на законските рокови за превземање на процесни дејствија, како и за донесување, објавување и изготвување на одлуките, констатирање на евентуален застој во работата на судиите и причините за застојот, каква е состојбата со старите нерешени и застарени предмети во судот, констатирање и проверка на постапките по иземање во предметите, оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа. Дополни дека обезбедени се податоци од увид во предмети, доставени дописи, уписник, одлуки како и податоци од АКМИС системот. Наведе дека во

продолжение ќе го истакне заклучокот на самиот извештај. Имено, по однос на состојбата со стари нерешени предмети констатирано е дека покрај оставинските предмети чија бројка изнесува 23 предмети, мала е бројката во текот на извештајниот период за кој имале податоци на старите нерешени предмети и тоа во доставените податоци биле наведени 3 стари нерешени предмети од кои во меѓувреме 2 биле завршени и при посетата од страна на претседателот на Основен суд Кратово во меѓувреме уште 4 предмети биле вратени од второстепениот суд кои се водат како стари нерешени предмети. Наведе дека од она што било доставено со наведени точни податоци и датуми од страна на претседателот судот се забележува дека старите нерешени предмети кои се водат во овој суд подолг временски период биле на одлучување во Апелациониот суд Скопје кој одлучувал по изјавени жалби против првостепените одлуки. Воедно дополни дека имајќи во предвид дека предметниот извештај во овој момент, односно при доставување на материјалите веќе е запознаен и координаторот за следење на работата на овој суд – Апелационен суд скопје, истиот во рамки на редовно следење на работата ќе ги констатира овие факти детално образложени во овој извештај. Видно од доставените податоци, во Основниот суд Кратово во текот на извештајниот период нема предмети кај кои настапила релативна и апсолутна застареност. Основниот суд Кратово во текот на извештајниот период нема предмети кај кои настапила релативна и апсолутна застареност. Од страна на претседателот на судот беа доставени податоци од АКМИС системот, при што од увид во истите се констатира дека судиите континуирано ги насрочуваат предметите, ги почитуваат законски предвидените рокови за превземање на процесните дејствија и изготвување на одлуките. Понатаму, констатирано е дека во Основниот суд Кратово нема застој во работата на судиите, покрај фактот што има само двајца судии кои постапуваат по сите предмети од сите области, а едниот ја врши и функцијата претседател на судот.

Во текот на работната посета беше извршен разговор со претседателот на судот и со судијата Р.З, кои по однос на преоптовареноста наведоа дека се преоптоварени со работа, приливот на предмети од година во година се зголемува, имајќи во предвид дека во 2021 година судот имал вкупно во работа 2559 предмети, а во 2022 година 2829 предмети, но вложуваат максимални напори, со цел ажурно и навремено постапување, а за кое неопходно е бројот на судии во овој суд да биде зголемен за еден судија, кој број е утврден и во Актот за систематизација, според кој бројот на судии во Основниот суд Кратово е 3 судии. Потенцира дека судиите се преоптоварени со работа и вложени се дополнителни напори од нивна страна.

Претседателот на средбата ја истакнал и состојбата со вработените во судот пришто било истакнато дека бројот на вработени е особено мал, од страна на претседателот на судот истакната е потребата за нови вработувања,

меѓутоа наведе дека втора година по ред во Годишниот план за вработувања не е предвидено ниту едно вработување за Основен суд Кратово. Па во овој дел треба да се вложат дополнителни напори. Во овој момент има 8 вработени на определено време. Во продолжение се надоврза по однос на тоа дека предмет на проверка беше и постапувањето по барањата за изземања и констатирање на состојбата во врска со истите, исто така детално образложени во извештајот, во смисла на основот и причините заради кои истите се донесени Истакна дека основен проблем е итна и неопходна е потребата од обезбедување службено возило кое ќе се користи за секојдневните службени потреби на судот, со цел да не се користи возило на странки заради извршување на службени работи, кое не само што го нарушува угледот на судот, туку и создава сомнеж во судската независност и непристрасност. Претседателот на судот се обратил до Агенцијата за управување со одзмен имот со цел запонување на постапка за отстапување на користење на одземено возило, но сеуште нема позитивен одговор. Предлог на Комисијата за надминување на состојбата со преоптовареноста на судиите, односно констатираниот недостаток на судии во судот, потребно е да се објави оглас за избор на еден судија во Основниот суд Кратово или да се делегира судија од друг суд, а во рамки на своите надлежности Судскиот совет на Република Северна Македонија итно да превзема дејствија за обезбедување на службено возило заради нормално функционирање на судот, а со цел да не се нарушува угледот на судот и да не се доведува во прашање судската независност и непристрасност. На крај дополни дека покрај предметот на посетата која ја навела и била задолжена работната група, биле разгледани податоците и констатираните состојби од Записникот од надзор во Основниот суд Кратово, изготвен од Министерството за правда бр.08-1844/1 од 07.07.2023 година.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по однос на Извештајот. По однос на старите предмети го праша членот на работната група Весна Дамева дали е разгледуван тој дел, односно со оглед на тоа дека во моментов се двајца судии, од која област евентуално се.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека стари предмети кои во текот на извештајниот период биле нотирани такви биле 3, но два биле завршени, останал само еден РО број стар. Во извештајот детално е опишан текот и динамиката по однос на ова прашање, а предметот е насрочен за 18.10.2023 година. Смета дека можеби веќе е и завршен. Оставински се водат 23, по однос на нив напомена дека постоеле реални причини поради кои истите не биле завршени, а тоа е поради фактот што избраниот нотар во Кратово во меѓувреме се пензионирал, па истите се доставени кај нотар во Куманово. Претседателот на судот истакнал дека во насока на завршување на овие предмети во континуитет преземал дејствија, доставување на редовни месечни извештаи, во одреден период имало застој па сега откако има нотар ќе се регулира состојбата.

**Претседателот на Советот** истакна дека по однос на лицата вработени во судот на определено време, разговарано е со претседателот и смета дека ќе нема пречки за 8-те службеници да се трансформира нивниот статус, кое не зависи од Советот, туку од Министерството за финансии . По однос на возилото 3-4 години се борат со овој проблем да се обезбеди ново возило, но половно возило од Агенција за одземен имот, истакна генералниот секретар да закаже состанок со новото раководство на агенцијата да се дискутира по однос на ова прашање за обезбедување на возило.

**За збор се јави Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска**, која истакна дека по однос на старите нерешени предмети, вкупно 6, од кои 4 кривични и 2 граѓански, причина е долгиот период на одлучување по изјавена жалба од Апелациониот суд. Смета дека во извештајот ќе треба понатаму координаторот на АС Скопје тоа да го проследи.

**За збор се јави Членот на Советот Мери Радевска** која по однос на прашањето и предлогот за евентуално распишување на оглас, доколку заклучоците бидат прифатени од Советот, по хоризонтала нема од каде да се регрутираат судии во овој суд. околу 7500 жители, европскиот просек во однос на судии по глава на жител, на 100.000 жители 21 судија одприлика, смета дека не е некој приоритет во услови кога нема судии. Во однос на возилото предлага истото да се актуализира.

**За збор се јави Членот на Советот м-р Ивица Николовски** дополни дека има сеопфатен извештај во кој добро се детектирани сите проблеми, врз основа на увидот дадени се добри заклучоци. Истакна дека во услови кога како граѓани и судии имаат заложни за поефикасно судство, извештајот и детектираните состојби во какви услови постојните судови работат, конкретно во овој суд. Ако се оди во насока како сервис на граѓаните да се чекори позитивно, се немаат основни услови тоа да се обезбеди, односно нема алат за работа – возило. Понатаму дополни дека Советот е надлежен и даде акцент дека истото неопходно е да се регулира.

**За збор се јави Членот на Советот Весна Дамева** појасни дека се дало како предлог да во моментов не се распише оглас или да има делегирање, односно подоцна да се стори истото, но напомена дека Советот врз основа на сите анализи можеби нема тековната година туку наредната, истакна дека смета дека треба да остане во заклучоците од следните причини. Во согласност со актот за систематизација во овој суд се предвидени 3 судиски места. Судијата М.Г. во првото полугодие од 2023 година по сите основи имал во работа вкупно 1173 предмети во кои спаѓаат и предметите по кои постапува и како претседател на судот, а судијата Р.Г. по сите основи имала во работа вкупно 382 предмети. Во 2021 година судот имал вкупно во работа 2559 предмети, а во 2022 година 2829 предмети. Па врз основа на истото потенцира

дека Советот ќе оцени каде најмногу има приоритет, но овој суд дека не треба да се исклучи.

**За збор се јави Членот на Советот Антоанета Димовска** која истакна дека се согласува во заклучоците да стои, но овој прилив смета дека треба подетално да се разгледа, како број на предмети што е правата судска надлежност, а што е она на нотарите се доделува.

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена дискусијата по однос на оваа точка од дневниот ред и го стави на гласање предлог извештајот.

Се констатира дека со 12 гласа,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ е усвоен извештајот од работна посета на Основен суд Кратово. Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 1-вата точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 2-рата точка од Дневниот ред.

**Точка 2**
**Разгледување на Одлуки на Управен суд**

Претседтаелот на Советот истакна дека одлучувајќи по тужбите на тужителите Станка Везенковска и Сулејман Мемети, Управениот суд донесе пресуди во кои што тужбите на тужителите се усвоени, а решенијата на Судскиот совет на Република Северна Македонија со кои се ставени вон сила решениата со кои е предложен мандатот на судиите на кои им е утврден престанок на судиска функција поради исполнување на услови за староснa пензија се поништуваат.
Инаку од страна на тужителите се изјавени жалби по однос на решенија за трошоци во постапката така да во овој дел трошоците во постапката не е правосилна и тече постапката.
Согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи и член 54 од Законот за судскиот Совет на Република Северна Македонија од страна на судскиот Совет на Република Северна Македонија донесени се решенија со кои се ставени вон сила решениата на Судскиот Совет со кои им е предложен мандатот и тоа сметано од 01.07.2022 годинаи на судиите заклучно со 30.06.2022 година им престанува судиската функција, поради исполнување на услови за староснa пензија.
Управниот суд смета дека е повреден законот на штета на тужителите дека се сторени повреди на правата во постапката предвидени во глава 14 од Законот за општа управна постапка без да се наведат причините и правниот основ за да се стави вон сила управниот акт и поништување на правните последици кои се предизвикани на управниот акт, како и тоа дека погрешно е применето матриалното право. Дадени се напатствиа при повторното постапување и одлучување на судскиот Совет во таа насока треба да се има во предвид и одлуката на Уставниот суд евидентирана под бр. У. бр 89/21 како и 90/21, 114/21 за оценување на уставноста и член 2 став 2 од Законот за изменување и дополнување на законот за работни односи.
Инаку оспорениот член од Законот за работни односи се применува од денот на неговото влегување на сила на законот и истиот нема повратно дејство

односно ретроактивно дејство така што не е предвидено повреден член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија.

За збор се јави **Мери Радевска -член на Советот** и наведе: Вие го дадовте Вашиот став, но јас имам спротивен став го имам изложено во издвоено мислење, останувам на истото и немам што да додадам и да не се повторувам и на претходните седници ги имавме истите прашања, останувам на мојот став дека треба да го остварат правото согласно со законот и со Уставот.

За збор се јави м-р **Антоанета Димовска-член на Советот** и наведе: и јас останувам на својот став и дека треба да се почитува одлуката на Управниот суд, се работи за стекнато право конкретно кај колешката Станка Везенковска тука е прво решение, правилна е првата одлука на Судскиот совет што и бил продлжен мандатот до 12.10.2022 година и тука немам дилема, тоа е стекнато право и не треба да се чепка во такво стекнато право, во таа насока е Одлуката на Управен суд, но очигледно тука различно ја читаме и не би имала што да додадам.

За збор се јави **М-р Тања Чачарова Илиевска-член на Советот** наведе: јас ќе зборувам за двете решенија заедно бидејќи од образложението на истите произлегува иста одлука на Управниот суд зошто е поништено решението од 2022 година на Судскиот совет, затоа што како што образложил Управниот суд значи не се водело сметка за одредбите предвидени во Глава 14 од Законот за Општата управна постапка во која се уредени вонредните случаи на укинување и поништување на управните акти од причина што Судскиот совет го ставил вон сила претходно донесеното решение и за двајцата судии донесено во 2021 година, и тоа на ист датум биле донесени на 15.06.2021 година, со кое им е продолжен мандатот на овие судии и тоа на судијата Станка Везенковска до 2022 година 10-ти месец, а на судијата Сулејман Мемети до први месец 2023 година, со решениа од 2021 година. Управниот суд со право за мене ги поништил нашите решенија од 2022 година со кои им е прекинат мандатот и се отидени во пензија овие колеги затоа што не е ништо сторено со тоа што решенијата кои што се донесени од 2021 година, се ставени вон сила. Како се ставани вон сила? Законот за општа управна постапка има одредби кои треба да се применат и да се види што со тие решенија од 2021 година.
По однос на стекнатите права не можам да прифатам дека во овој случај се повредени стекнатите права затоа што стекнато право неможе да има врз основа на назаконски акт односно незаконско решение.

Во конкретниот случај двете решениа на Судскиот совет донесени на 15-ти Јуни 2021 година со кои на судијата Станка и се продолжува мандатот за подолго од една година односно до 10-ти месец 2022 година, а на судијата Сулејман уште за подолго од една

година до 1-ви 2023 година, значи година ипол се незаконски решенија.

Затоа што продолжувањето на рокот за одење во пензија согласно Законот за работни односи членот 104 значи уредува како се продолжува, писмена Изјава мора да даде работникот во случајов и судијата бидејќи Закон за судови врз основа на оваа одредба се продолжува рокот за пензионирање согласно членот 4 став 3 од законот, писмената изјава работникот ја дава најдоцна до 31-ви август во тековната година, за продолжување на Договорот за вработување од ставот 1, а за секое натамошно продолжување на Договорот од ставот 2 на овој член, изјавата ја дава еднаш годишно најдоцна до 31-ви август во тековната година за продолжување на Договорот за наредната година. Неможе со овие решенија на Судскиот совет од 15-ти Јуни 2021 година, да им биде продолжен рокот за година ипол.

Тоа е незаконско решение и неможе врз основа на незаконско решение ние да зборуваме за стекнати права, ниту судијата Станка Везенковска, ниту судијата Сулејман Мемети немаат до 31-ви август 2022 година поднесено нова изјава за продолжување на рокот со решенијата од 15. 06.2021 година нив можело да им биде продолжен рокот за пензионирање само една година, тоа значи од 2022 рокот за пензионирање е согласно Договорот до 15.06.2022 година. Со измените на Законот за работни односи до 15.06.2021 година а Договорот најдоцна до 30.06.2022 година, што значи по истекот на она што им е стекнато право на една година како што законот барал нив можело да им се продолжи понатаму согласно новата законска измена односно уште најкасно до 30.06.2022 година, под услов да поднеле ново барање согласно член 104 став 3 од Законот за раборни односи. Затоа јас сметам дека врз основа на одлуките на Управниот суд, Судскиот совет бидејќи ни е поништено решението од 2022 година, мора прво да се донесе решение во однос на решението од 2021 година, во конкретниот случај нема друго освен истото да биде огласено за неважечко, а тоа право го има управниот орган според одредбите на ЗОУП при свој повторен надзор на работата и да донесе ново решение со кое рокот ќе биде до 30.06.2022 година.

За збор се јави **Лорета Горгиева член на Советот** и надеде дека сме го дискутирале повеќе пати прашањето и сите остануваме на линија на сопствените ставови, јас исто останувам на тоа што претходно го имам заземено како став и на кој начин имам гласано за сите претходни одлуки.
Само ќе ја дополнам колешката **м-р Тања Чачарова Илиевска** во делот на основаноста на тоа што и го дискутираше дека Законот за Судовите во глава 5 кај што е регулирано престанок, разрешување и основи за одговорност меѓу другото стои дека во став 1 алинеа 3 дека на судијата му престанува судиската функција ако ги исполни условите за старосна пензија со можност за продолжување на мандатот согласно прописите за работните односи. Од тука сметам дека со пословедните измени на Законот за работни односи рокот како краен рок даден во преодните и завршни одредби е 30.06.2022 година е последниот датум до кога на нашите колеги може да им се сметат роковите

како стекнато право, права доколку претходно веќе им биле продолжени со наши решениа согласно постоечките одредби претходно во тој момент на Законот за работни односи. После овој термин сметам дека не можеме да зборуваме за стекнати права бидејќи нема своја законска одлука.

За збор се јави **м-р Ивица Николовскичлен на Советот,** наведе дека мојот став по однос на стекнатите права и толкување на Законите веќе е искажан. Во овој момент накратко би рекол дека во целост се согласувам со истакнатото од страна на колешката**м-р Тања Чачарова Илиевска**и за разлика од другите одлуки што ги гледавме, овде имаме одлуки кои според мое мислење и мое толкување на стекнати права спротивно на закон таквите стекнати права спротивно на закон не даваат правни последици и добро тука образложи колешката дека постапувајќи по укажувањата на Управниот суд ние по втор пат јас предлагам да постапиме да согласно позитивните прописи кои го третираат тоа прашање на законит начин, колешке година ипол по кој закон и која одредба ви дава право да го продолжите работниот однос. Да ние имаме обврска но и обврска правилно при примена и правилно примрна, овде моето за разлика од другите одлуки значи таму каде што има стекати права тие стекнати права треба да се испочитуваат затоа што со подоцно донесен закон не може да се задира во тие права, но овде имаме стекнати права спротивно на законот, зошто? Затоа што законот јасно кажува кога се поднесува изјава и потоа на таа изјава кој рок може да му се продолжи и неможе ние да му дадеме право а
законот не му го дава тоа право.

За збор се јави м-р **Антоанета Димовска, член на Советот** и наведе дека апсолутно се согласува со колегите дека не може да се продолжи за повеќе од една година, но кај колешката Станка Везенковска не е таков случајот.Колешката Станка Везенковска постапила право, поднела барање во 2021 година бидејќи мандатот и истекува на 12.10.2022 година, и законот јасно вели:во член 104 став 2 и 3 од Законот за работни односи предвидено е дека работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи Договорот за вработување најмногу до 67 години возраст доколку со закон поинаку не е утврдено, во став 3 е предвидено дека писмената изјава од ставот на овој член дека работникот ја дава најдоцна до 31 август во годината во која ги исполнува условите од ставот 1 на овој член, што значи за една година и вика дека во ова година во наредната година јас на 12.10 ќе исполнам услови за старосна пензија и продолжете ми го до тогаш. Затоа намерно потенцирав кај колешката Станка а не кај колегата Сулејман. Кај колегата Сулејман е повреден законот за година ипол јас тука немам дилема да не се разбереме дека јас поинаку го читам законот и го менувам ставот не, не го менувам ставот велам дека е правилна одлуката да им се продолжи кај колешката Станка Везенковска како што и било продолжено и затоа зборував конкретно за колешката Станка. Не зборам дека одлуката е правилна од формално правен аспект од она другата што е ставена вон сила, мора да се почитува одлуката на Управниот суд и да се донесе во форма во каква што треба, но одлуката за колешката Станка е правилна, за колегата Сулејман бидејќи сега одиме веќе заедно не е правилна бидејќи судски Совет за година ипол му проролжи мандат надвор од законот. Но за да се исправи тоа треба да се донесе нова одлука и да се утврди

датумот за продолжување за една година, кога ќе дојде како му доаѓа така и тоа е правилното сега јас нели затоа го одвоив колешката Станка од колегата Сулејман но во секој случај мора да се постапи по одлуката на Управен суд да се донесе одлуката во форма така како што е со Законот за управна постапка и управни спорови и по мое мислење за да ја поправиме грешката секој поединечен случај да се гледа. Кај колешката Станка тврдам дека е правилно за една година бидејќи си го поднела во годината што и претходина годината во која и завршува а кај колегата Сулејман е друг случајот и не е правилно. Бидејќи веќе доволно сме го елаборирале ова прашање нема да зборувам повеќе.

За збор се јави **м-р Ивица Николовскичлен на Советот,** наведе дека сосема се согласува во превид во датумите со сега истакнатото и прецизираното изнесување, кај колешката Станка нема пречекорување.

За збор се јави **м-р Селим Адеми-член на Советот,** наведе- за овие прашања имаме расправано долго време кога го донесовме првото решение како ќе бидат понатаму нашите одлуки. Мислам дека сега што и да зборуваме и да се убедуваме сите остануваат на својот став и од друга страна и ако се убедуваме ние имаме донесено вакви одлуки 15 години или 20 и на крај некој кога ќе ни донесе некој друг е не вака е сега ќе кажеме. Затоа мислам дека сите ќе останеме во нашиот став и не знам колку дена се убедувавме и неколку часа имавме расправано и на крај Судски совет донесе заклучок дека Судски совет ќе ги донесува исто сите решениа со тоа дека на 30.06 сите треба да одат во пензија, но постапувајќи по упатствата на Управен суд каде да се гледа образложението да се прецизират вакви работи дека судија до судија имаат различно толкување.

За збор се јави м-р **Антоанета Димовска член на Советот,** наведе дека ска да го исправи колегата Селим, дека не донесовме заклучок не надласавте, точно е очигледно и ќе го надгласате ама јас како судија имам потреба постојано да го повторам тоа во кое сум убедена и да го кажам како што Вие имате потреба да ги браните Вашите ставови, инаку се знае дека исходот е тој.

За реплика се јави **м-р Селим Адеми-член на Советот** и истакна дека да, точно е дека го надгласав како и мене ме надгласа Судски совет кога ви реков колеги не се брзајте со ваквите решениа зошто не им правите ќефови на вашите колеги судии зошто тие на крај ќе Ви се обратат со бумеранг. Кога гледам дека некој за три месеци го тужи овој Судски совет и оваа Држава, а зема плата околу 40 години како судија и за 4 месеци што повеќе ќе прави адвокатски трошиоци, и мене тогаш ме надгласаа, но мора да се почитува одлуката на судскиот Совет.

**За збор се јави Павлина Црвенковска -член на Советот,** и наведе - немав намера да се јавувам за збор за тоа дека на неколку седници наназад разговараме на оваа тема но со оглед на дискусиите се повторуваме. Јас морам да го кажам својот став ние никого не надгласавме, овдека излеговме со спротивни ставови по однос на одлуката на Уставен суд и секој од нас различно ја толкува одлуката на Уставен суд кој што децидно вели според

мене дека сега тужителите во управните постапки бивши судии не станува збор за стекнати права, морам уште еднаш да повторам Управниот суд при донесувањето на своите одлуки со кои што ги поништува нашите решениа воопшто не ја имал во вид одлуката на Уставен суд и неговото децидно произнесување по однос дали станува збор за стекнато право или не стекнато право.

За збор се јави **Весна Дамева член на Советот** и наведе дека во право е колегата Селим бидејќи и да се убедуваме и да разговараме ние трба да расправаме за една точка и ако треба ќе расправаме и три дена тука ако е сензитивно, меѓутоа ова се веќе изградени ставови. Со оглед да нема реферирање секој си останува на својот став, затоа најрационално е да се стави на гласање, јас потврдувам останувам на мојот став како претходниот по одлуките.

За збор се јави **Лорета Горгиева член на Советот** и надеде дека потребно е да ја дополнам и корегирам колешката Антоанета која кажа дека ние како судии само да нагласам дека одлуката е донесена со мнозинство меѓу кои и четорица судии што значи дека четворица од нас судиите се на различен став од колешката **Антоанета Димовска,** да не се свати погрешно дека ние сите судиите размислуваме еднакво еве половината од нас четворица мислам се со сден став, меѓутоа други четворица од нас судиите се со друг став, мислам да не правиме градација.

За збор се јави м-р **Антоанета Димовска-член на Советот,** наведе дека јас кажав и Вие како судија го браните својот став и јас како судија тоа е нешто што мораме да го правиме секој си го даде своето образложение.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека по однос на Станка Везенковска, судија во Основен кривичен суд Скопје, на која и престана судиската функција, заклучно со 30.06.2022 година поради исполнување на старосна пензија го става на гласање предлогот дали да се донесе истото како решение односно заклучок од страна на Судскиот совет дека и престанува судиската функција, заклучно со 30.06.2022 година согласно Законот за работни односи од 2021 година каде што имаше измени во тој дел, предлогот го става на гласање и со 7 гласа ,,За“ и 5 ,,Против“**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесена

ОДЛУКА

1. Решението на Судскиот совет на РСМ бр.02-35/2 од 15.06.2021 година, се оглаува за ништовно.
2. На Станка Везенковска, судија во Основен кривичен суд Скопје, и престана судиската функцијА на 01.07.2022 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев**по однос на судија Сулеман Мемети претходно во кривичен суд да му престане судиската функција на 30. 06. 2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија согласно Законот за работни односи и измените од 2021 година, предлогот го става на

гласање и со 7 гласа ,,За“ и 5 ,,Против“**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е донесена

О Д Л У К А

3. Решението на Судскиот совет на РСМ бр.02-10/2 од 15.06.2021 година, се оглаува за ништовно.
4. На Сулејман Мемети, судија на Основен кривичен суд Скопје му престанува судиската функција, на 01.07.2022 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 3**

(Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба;)

Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Сашко Георгиев предложи за 3-та, 4-та и 5-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја исклучи јавноста од седницата за 3-та, 4-та и 5-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

Точка 4

(Расправа по извештаи за констатирана состојба)

**Точка 5**

Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд

**Точка 6**
**Разно**

**Претседателот на Советот** истакна дека под точка Разно има допис од Врховниот суд на РСМ, согласно чл.46 ст.2 од Законот за Судски совет на РСМ се обраќа со барање да во најкус можен рок се објави оглас за пополнување на 7 судиски места во Врховниот суд за граѓанска материја, ова од причина што упразнети се веќе 4 места, а во текот на 2024 година на двајца судии ќе им прекине работниот однос поради исполнување на услови за

старосна пензија. Истакна дека истото е и претходно детектирано и во догледно време треба да се расшпише оглас и за останатите судови.

**Заменик претседателот на Советот** истакна дека нормално дека бројот е намален, но имајќи ги предвид другите судови, овој суд функционира беспрекорно. Но факт е дека има потреба и ќе се направи подетална анализа.

**Претседателот на Советот** побара на седницата да присуствува под оваа точка и Емилија Николиќ, држ.советник.

Прашањето е по однос на барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, за што е одговорна Емилија Николиќ, Државен советник.

Се даде збор на **Емилија Николиќ** која истакна дека станува збор за тоа дека има барање за слободен пристап на информации од јавен карактер поднесено до Коалицијата ,,Сите за правично судење". Барањето се однесува на членовите на Советот и од таа причина истакна дека е потребно да се запознаат сите. Се бара да се достави податок за познавање на странски јазик и степен за секој член поединечно. Податоците барателот може да ги најде на веб-страната на Советот, односно да ја погледа биографијата, но на барателот мора да се одговори согласно закон со соодветно решение, одговорот да е во форма на правен акт и не може да се повикаат единствено на веб страната. Појасни дека таа би се повикала на чл.10 од Законот за судски совет каде не се бара како услов при конкурирање на било кој кандидат познавање на странски јазик.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** кој наведе дека во Законот се дефинира што се информации од јавен карактер.Секоја институција треба да да има листа што спаѓа под информации од јавен карактер, а службите да кажат дали бараната информација е од јавен карактер и дали е во таа листа, станува збор за административни работи наведе.

Се даде збор на **Емилија Николиќ** која истакна дека под информација од јавен карактер спаѓа создал или располага имателот на информација.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** ако ценат и се сигурни да се прочита добро законот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред и со оглед на тоа што никој повеќе не се јави за дискусија констатира дека седницата заврши во 14.30 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот со резултатите од гласање е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сашко Георгиев**

Изработил:Владимир Станковиќ,
Ален Раденковиќ
М-р.Сања Спиридонова
Медиа Шаќири
**Одобрил**: Весна Толева